Цената во понудата и во договорот не смеат да бидат повисоки од максималната единствена цена на големо утврдена од страна на Министерството за здравство или референтната цена утврдена од ФЗОМ земајќи ги во предвид пониските утврдени цени. Промената на единствените цени или референтните цени ќе предизвика промени во фактурните цени,од денот на настанување на промените,што ќе се уреди со Анекс кон Договорот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено време за период од **365** дена од денот на склучувањето,во кој период добавувачот е должен редовно да ги доставува лековите кои се предмет на јавната набавка.

## VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Ако добавувачот не ја испорача стоката во договорениот рок,ќе биде активирана Банкарската гаранција .

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

Член 6

Добавувачот е должен испораката на стоката да ја изврши во рок **10** дена од денот на доставено требување на лекови за тој месец во Аптеката на клиниката.

Испораката на стоката се смета за извршена: со потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Набавувачот и овластеното лице на Добавувачот.

Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договор.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Во случај на доцнење со испораката на Предметот на набавката: ќе се превземат мерки за раскинување на Договорот пред надлежниот суд.согласно членовите 19,20,21.22,23 од Договорот.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 8